
КОН ИДНИНАТА

со ефикасен транспорт и безбедни патишта

ПРОЕКТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

КОНТРОЛНА ЛИСТА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ (ПУЖССА)

Реконструкција на улица 1 во Г.Соње,
Општина Сопиште
Реконструкција на улица 20 во Нова Брезница,
Општина Сопиште



Декември, 2024

Изработил:

Виктор Груевски

Одделение за локален економски развој

Општина Сопиште

Прегледал:

м-р Сашка Богданова Ајцева

Специјалист за животна средина и социјални аспекти

Единица за имплементација на Проект за поврзување на локални патишта

СОДРЖИНА

1. Вовед 5
2. Еколошка категорија 5
3. Проектна локација 6
Сегашна ситуација на локалниот пат во Општина Сопиште (пред почеток на проектните активности) ..... **Error! Bookmark not defined.**
4. Потенцијални влијанија врз животната средина и социјалните аспекти 22
5. Цел на Контролна листа на ПУЖССА 23
6. Примена на Контролната листа на ПУЖССА 24
7. Механизам на поплаки 25
8. Следење и известување 27
Контролна листа на ПУЖССА за работите на Реконструкција 29

СЛИКИ

Слика 1 за Локација Реконструкција на улица 1 во Г.Соње, Реконструкција на улица 20 во Нова Брезница, Општина Сопиште 6
Слика 2 Локација на најблиските заштитени подрачја 7
Слика 3 за Реконструкција на улица 1 во Г.Соње, Реконструкција на улица 20 во Нова Брезница, Општина Сопиште, извор: Google map 8
Слика 4,5 Локација на локален пат ул 1 во с.Горно Соње (црвена линија), извор: Google map...9
Слика 6-14. Почеток на улица 1, моментална состојба, црква на самата улица, влезови на приватен имот, плоштад и крај на улица 1 во с.Горно Соње, општина Сопиште.....12
Слика 15-20. Почеток и крај на ул.20, автобуска постојка на ЈСП, моментална состојба на ул.20 во с.Брезница, општина Сопиште.....14
Слика 21. Типски профил за реконструкција на постоечки коловоз за улица 20 (св.Талалеј).....18
Слика 22. Уличен сливник.....22

ПРИЛОЗИ

Прилог 1 Формулар за поднесување на коментари 63
Прилог 2Образец за поплаки за целиот период на спроведување на проектот 64
Прилог 3Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина за Реконструкција на улица 1 во Г.Соње, Реконструкција на улица 20 во Нова Брезница, Општина Сопиште 65

КРАТЕНКИ

ЕиС	Еколошки и Социјални
ОВЖС	Оцена на влијанието на животната средина
ЕиС	Еколошка и социјална рамка
РУЖССП	Рамка за управување со животна средина и социјални прашања
ПУЖССА	План за управување со животна средина и социјални аспекти
ЕСС	Еколошки и социјални стандарди
ЕУ	Европска Унија
ЗиБ	Здравје и безбедност
ППЛП	Проект за поврзување на локални патишта
МЗЗПР	Македонско Здружение за заштита при работа
MSDS	Податоци за безбедност на материјалот
МТ	Министерство за транспорт
БЗР	Безбедност и здравје при работа
ЕИП	Единица за имплементација на проектот
ЛЗО	Лична заштитна опрема
РМ	Република Македонија
РСМ	Република Северна Македонија
СБ	Светска Банка

1. Вовед

Патната инфраструктура во Република Северна Македонија се состои од национални, регионални и локални патишта, од кои приближно 65% од вкупната должина на сите патишта отпаѓа на локални. Националните и регионалните патишта се под ингеренција на институциите и претпријатијата на национално ниво, додека за инфраструктурата на локални патишта надлежни се локалните власти.

Локалната патна мрежа е во лоша состојба, како резултат на незадоволителното одржување на патиштата заради недостигот на финансии, главно заради слабоста на инвестиции во секторот транспорт и дистрибуција и сл. Главна причина за лошата состојба на патиштата е тоа што секој регион на Република Северна Македонија управува со различни финансиски капацитети, поради што одредени региони немаат доволно финансиски средства за надградба/рехабилитација на постојните патишта што водат до болници, училишта и пазари, така што ова прашање носи и социјални проблеми.

За целите на Реконструкцијата на постојната локална патна инфраструктура (урбаните/руралните улици, регионалните и локалните патишта), пешачките патеки, уличното осветлување, одводнувањето и градењето на капацитетите на општинскиот персонал, инвестиција од 70 милиони евра обезбедени од Светската банка ќе биде реализирана преку Министерството за транспорт и врски по пат на спроведување на Проектот за поврзување на локалните патишта (ППЛП).

2. Еколошка категорија

За решавање на потенцијалните еколошки и социјални проблеми на Проектот, во октомври 2019 година била изготвена Рамка за управување со животната средина и социјалните прашања (РУЖССП) (како дел од ППЛП на МТ), од страна на Експертот за животна средина и социјални аспекти (ЕЖССАс), што е во согласност со барањата на Светската банка. РУЖССП претставува алатка за Оцена и управување со еколошките и социјалните стандарди, што овозможува спроведување на длабинска анализа на еколошките и социјалните проблеми.

Прелиминарниот скрининг според класификацијата на ризик на Светска банка утврди две категории на ризик на под-проектите: значителен или умерен ризик, за кои треба да се подготват различни инструменти за должна анализа.

„Проектите со значителен ризик“ бараат ПУЖССА специфични за конкретната локација, кои треба да содржат информации специфични за локацијата, како и мерки на ублажување и план за следење.

„Проектите со умерен ризик“ бараат изготвување на Контролна листа на ПУЖССА , со кој се утврдуваат потенцијалните можности за подобрување на животната средина и се препорачуваат мерки на превенција, сведување на минимум и ублажување на неповолните еколошки и социјални влијанија.

Табела1 Еколошки скрининг за под-проектите на ППЛП

Видови проектни активности	Потребни документи за оцена на животната средина	Применливо во однос на:
1	Планови за управување со животната средина и социјалните прашања (ПУЖССА) за секоја поединечна надградба (пот-проект)	Работи на надградба на локалните патишта (интервенции во трупот и структурата на патот, во дополнение на замената на тротоарот, при што со работите на надградба ќе се интервенира заради зајакнување на трупот на патот и поставување нови тротоари).
2	Контролна листа на ПУЖССА	Реконструкција на постојните локални патишта/улици (подобрување на состојбата на патот без менување на основните функционални карактеристики – менување на асфалтниот слој и негова замена со нов, крпење и други работи на средување на површината на патот, итн.)

3. Проектна локација

Општина Сопиште, која се вбројува во средно големи општини според површината, се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, зафаќа површина од 223,53 km2. Општината Сопиште е рурална општина, во која спаѓаат 13 населени места. Согласно пописот од 2021 година, во општината живеат 7.765 жители. Општината се наоѓа во Скопскиот регион и е општина каде има голем број на миграција Град - Село бројот на жители се зголемува во просек за 1 000 жители годишно. Во Општината нема индустрија и е Општина каде главна дејност се сместувачки капацитети, домување, викенд домување, и голем број на домови за сместување на возрасни лица.


1.Улица 1 која ќе се реконструира е лоциран во с. Горно Соње, и е со должина од 1,09 километри метри. Покрај двете страни од патот има индивидуални куќи за домување и викенд куќи. За време на теренската посета беше воочено дека патот поминува покрај куќи и викенд куќи како и до Црквата Св.Никола и сред селото Горно Соње.

Постоечкиот пат се користи многу години и во текот на последните години е во многу лоша состојба. По теренската посета, и по геодетските снимки од патот заклучено е дека ширината на патот е променлива по цела должина, но најчесто ширината е 2.5 – 4.5 метри.

2.Улица 20 кој ќе се реконструира е лоциран во с. Брезница, и е со должина од 1,701 метри. Покрај двете страни од патот има индивидуални куќи за домување и викенд куќи. За време на теренската посета беше воочено дека патот поминува покрај куќи и викенд куќи и го дели селото на два дела. Значајно е да се истакне дека патот не е реконструиран од 1964 година кога во селото нема ниту еден жител да денес во селото по пат на миграција жителите кои се иселиле повторно се враќаат да живеат со нивните семејствaн и селото брои над 340 жители. Постоечкиот пат поради дотраеност е во многу лоша состојба. Улицата е асфалтирана и ограничена со огради и објекти за домување од двете страни вдолж трасата. Широчината на постоечката улица е променлива, односно се движи некаде од 2.5 па до 3.0 м.

Слика1. Локација на локален пат улица 20 Нова Брезница


Во близина на проектните локации, нема заштитени подрачја и најблиската точка е за проектната локација 2, ул.2о во с.Нова Брезница. Реконструкција на улица 20 во Нова Брезница, Општина Сопиште е заштитено подрачје ,,Јасен,, кое е на 12 км оддалечено од проектната локација. На самите проектни локации нема водни тела кои би биле засегнати од влијанијата при изведување на планираните градежни работи, ниту пак археолошки, културно историски споменици.



Слика2 Локација на најблиските заштитени подрачја и местоположба на локалеп пат 20 с.Нова Брезница Општина Сопиште



Слика 3. Локација на општина Сопиште во однос на другите општини во град Скопје



Слика 4,5 Локација на локален пат ул 1 во с.Горно Соње (црвена линија),
извор: Google map

Во село Горно Соње се наоѓа црквата Св Никола која е бележана на сликата во жолт круг.
Патот кој ќе се реконструира е постоечки и се користи веќе многу години. По теренската посета, и по геодетските снимки од патот заклучено е дека ширината на патот е променлива по цела должина, но најчесто ширината е 4 метри.


На сликите подолу е претставена сегашна состојба на локален пат во Горно Соње за улица 1 и локален пат 20 с.Нова Брезница, време на теренската посета извршена на 25.10.2024 од страна на претставник на општина Сопиште, Специјалист за животна средина и социјални аспекти, Експерт за траснпортна инфраструктура и Експерт за сообраќај од ЕИП:


На сликите подолу е претставена сегашна состојба на локален пат број 1 во Горно Соње




















ул. ДРВН
УЛИЦА
14



Слика 6-14. Почеток на улица 1, моментална состојба, црква на самата улица, влезови на приватен имот, плоштад и крај на улица 1 во с.Горно Соње, општина Сопиште

На сликите подолу е претставена сегашна состојба на локален пат број 20 с.Нова Брезница.











Слика 15-20. Почеток и крај на ул.20, автобуска постојка на ЈСП, моментална состојба на ул.20 во с.Брезница, општина Сопиште

Проектите припаѓаат во поглавје XI – Инфраструктурни проекти, точка 1 – Реконструкција на локални улици, за кои е потребно да се изработи Елаборат за заштита на животната средина. Елаборатите за заштита на животната средина се изработени:

1. Од страна на ПРИМА инжинеринг ДОО Скопје за улица 1 Горно Соње во Септември 2019 година со техн.бр. 3209-2019. Решението за одобрување на Елаборатот е издадена од страна на Градоначалникот на општина Сопиште, со арх. бр. 01-1673/3 од 16.12.2024 година.

2. Од страна на МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ за ул 20 Нова Брезница во Декември 2024 со техн.бр. 3209-2019 Решението за одобрување на Елаборатот е издадена од страна на Градоначалникот на општина Сопиште, со арх. бр. 01-1673/3 од 16.12.2024 година.

Според основниот проект и разговорот со одговорното лице за проектот од Општина Сопиште, за време на проектните активности не е предвидено сечење на дрва или оштетување на корења. Во однос на одземање на земјиште, согласно планиранит е градежни работи не се предвидува проширување на улиците, ниту пак ќе има рушење на објекти и структури.

Во случај да дојде до таква потреба, согласно националното законодавство и ЕСС 1-10 на Светска банка , а со поддршка од Специјалист за животна средина и социјални аспекти на ЕИП, општина Сопиште треба да спроведе соодветни постапки и процедури и да изготви соодветни документи вклучувајќи Скратен Акционен План за раселување.

По започнување на проектните активности, доколку изведувачот или надзорниот инженер заклучи дека треба да бидат исечени или дислоцирани дрва, ќе биде испратен барање - формулар до ЈП Национални Шуми со цел да се обезбеди дозвола за сечење или дислоцирање на дрвата. Потоа ќе биде изработен План за ре-вегетацијакој ќе треба да биде одобрен од страна на ЕИП и СБ.

По должината на улицата има тротоар, така што дрвјата може да се преместат/посадат на пешачка патека под услов да не се загрози движењето на пешаците во спротивно дрвјата треба да се засадат на друга локација.

Детален опис на проектните активности е даден подолу во следниот текст.

Под-проектот за реконструкција на локален пат бр 1 Горно Сое, Општина Сопиште ќе ги вклучува следниве активности:

Подготвителни активности

- Обележување и осигурување на трасата (1,09км)
- Отстранување на постоечки асфалт и транспорт до локална депонија (3620 m^2)
- Рушење на постоечки рабници со утовар и транспорт до депонија до 20км (100 м)
- Попречно сечење на постоечки асфалт (55 м)
- Дислокација на постоечки бандери со утовар и транспорт до локација или депонија посочена од Општината (5 парчиња)

Земјани работи

- Машински ископ на земја во широк откоп III i IV категорија со утовар и транспорт до локација или депонија посочена од страна на Инвеститорот - Општината, согласно законот за отпад, законот за градење, и сета останата важечка законска и подзаконска регулатива (1.835m3)
- Планирање и валирање на постелка (4410m)
- Изработк ана насип комплет со набавка и транспорт на потребниот материјал од позајмиште посочено од општината (120 м2)

Одвод

- Поставување на попивателни јами (11 ком)
- Поставување на сливници (11 ком)

Горен строј

- Премачкување на споеви на стар и нов асфалт со РБ200 (200 м)
- Орапавување на асфалт за нивелирање на постоечки улици со новиот асфалт со утовар на материјалот до депонија посочена од страна на општината, чистење површина и премачкување со емулзија (60 м2)
- Вградување на тампонски материјал од дробен камен за попрамнување под коловоз д=30 см (1420 m^3)
- Вградување на битуменозен носив слој БНХС 16А д=7 см (3835 м2)
- Вградување на бетонски каналети МБ 40 на темел од МБ20 со фугирање (1050 м)
- Изработка на асвалтна ригола со ширина од 50см од БНХС 16А со д=7см (10 м2)
- вградување на бетонски рабници 18/24 МБ 40 на темел од МБ15 со фуги од 1см измеѓу нив и фугирање на истите со цементен малтер (20 м)
- Изработка на стабилизирана банкина д=7см изработена од материјал ист како и тампонски материјал со ширина л=0.75м (1650 м2)

Одводнување (попивателна јама)

- Обележување и исколчување на објектот (6.25 м2)

- Ископ на земја III кат. во широк откоп за попивателен бунар со утовар на материјалот до депонија посочена од страна на Инвеститор – Општината (58,1 м3)
- Затрупување со мат. од ископ со набивање во слоеви од 30cm до потребна збиеност од 95% по стандарден Прокторов опит (42 м3)
- Набавка, транспорт и вградување на бетон МБ30 за ѕидови на попивателен бунар со d=25cm, од гранулиран речен агрегат (max.32mm), двострано оплатирано до височина од 4,0м (6,42 м3)
- Набавка, транспорт и вградување на бетон МБ30 за горна плоча на попивателен бунар со d=25cm,од гранулиран речен агрегат (max.32mm), едностранo оплатирано со потребна подграда до 4,0м височина (1.30 м3)
- Набавка, транспорт и изработка на плоча од бетон МБ30 со d=10cm, едностранo оплатирана (0,1 м3)
- Набавка, транспорт, сечење, виткање и вградување на средно сложена арматура за резервоар (618 Кгр)
- Набавка и уградба во фаза на бетонирање на качувалки од бетонско железо Ф18мм; Л=1м (5 парчиња)
- Набавка и монтажа на лиено железен капак за попивателен бунар ЕН 124 D400 со дим.70/70 см (1 парче)

Сливник

- Рачен ископ на земја за улични сливници за цевки за спојување во попивателни јами (2.5 м3)
- Набавка,транспорт и планирање на дното на ровот со точност +- 2см со разистирање и равнење на ситен песок д=10см за цевководи за спојување сливници (2 м3)
- Затрупување на ровот со ископаниот матрејал по извршената монтажа и испитување на инсталацијата.Затрупување на првиот слој да биде 30 см над темето на цевката, со ситна земја без камења и шут, со рачно набивање.Останатиот дел да се насипа од ископаниот матрејал во слоеви од 20см-30см со набивачи од 20 кг-30 кг (1 м3)
- Набавка и монтажа на PEHD канализациони цевки(SN-8) комплет со спојни делови за приклучок на сливници во попивателни јами.Пресметка по м1 монтирана и испитана цевка DN/OD 200 мм (2 м)ж
- Набавка,транспорт и изработка на улични вертикални сливници од бетонски вибропресовани цевки Ф400мм, комплет со ископ и монтажа. (1 парче)
- Набавка и монтажа на лиено железни правоаголни улични сливници D400 со димензии 500/305 mm (1 парче)
- Бушење отвор во арм. бет. попивателна јама за приклучок на цевка Ø200 mm од сливник и обработка на спојот (1 парче)

Следниве материјали ќе бидат користени во рамките на реализацијата на проектот - бетон, асфалт, кршен камен материјал итн.

ХОРИЗОНТАЛНО РЕШЕНИЕ

Како основа за изработка на хоризонталното решение користена е снимената геодетска ситуација . Должината на улица 1 во Г.Соње е 1093,76м. Хоризонталната оска е изработена од

51 елементи, 26 правци и 25 кружни кривини со преодници. Хоризонталниот радиус е Rмин=6.0м, а Rмах=400.0м.

ВЕРТИКАЛНО РЕШЕНИЕ

Нивелетата на улица 1 Г.Соње е водена да биде приближна како постојната состојба. На почетокот и на крајот е уклопена на постојната состојба. . Минималниот наклон на нивелетата е i=1,38% а максималниот i=15,00% . Испроектирана се 15 (петнаесет) прекршувања и вертикални кривини во границите: Rмин=70.0m, Rмах=6 000.0m, Попречниот наклон на патот е едностран од i=2,50% до i=4,00% во зависност од постоечката ситуација и влезови.

КОЛОВОЗНА КОНСТРУКЦИЈА

Коловозната конструкција на локалната улица е усвоена од претходни искуства и е предложена следната коловозна конструкција: За улицата:

- БНХС 16А

- Тампон од дробен камен д= 7 см д= 30 см

ОДВОДНУВАЊЕ

Одводнување на површинската вода е овозможено со подолжни и попречни наклони на улицата кои ја одведуваат до бетонска каналетка со ширина 50см со од каде водата се предвидува да се испушти во сливник и од него во попивателен бунар. Сливниците се проектирани во најниските точки и места каде е потребно да се запази сливна површина од 350 м2. Бетонски каналети се предвидени после асфалтот и истите треба да ја одведат водата до сливниците со димензии 500/500 мм кои се лоцирани на:

Сливник 1 на км 0+035,00

Сливник 2 на км 0+165,00

Сливник 3 на км 0+245,00

Сливник 4 на км 0+325,00

Сливник 5 на км 0+485,00

Сливник 6 на км 0+535,00

Сливник 7 на км 0+635,00


Сливник 8 на км 0+665,00

Сливник 9 на км 0+755,00

Сливник 10 на км 0+845,00


Сливник 11 на км 1+027,00

Од сливниците предвидено е водата да се одведе во попивателен бунар. Со цел за ефикасно функционирање на одводниот систем потребно е негово редовно чистење и одржување и тоа минимум два пати годишно на пролет и есен.





Слика 21. Типски профил за реконструкција на постоечки коловоз за улица 20 (св.Талалеј)

ОСНОВА M=1:50



ПРЕСЕК 1-1 M=1:50





Слика 22. Уличен сливник

Под-проектот за реконструкција на локален пат бр 20 Нова Брезница , Општина Сопиште ќе ги вклучува следниве активности:

Подготвителни активности

- Обележување и осигурување на трасата (1,701км)
- Рушење на постоечка асфалтна конструкција со утовар и транспорт до депонијана растојание до 10 км (5,339 м2)
- Машинско сечење на асфалт со пила до 20 цм како и рачно премачкување на вертикални и хоризонтални споеви меѓу стар и нов асфалт со разреден битумен РБ-200 (41 м)

Долен строј

- Машински ископ на хумус и транспорт до депонија до 10км (1,568 m3)
- Машински ископ на земјен материјал од 3-4 та категорија со утовар и транспорт до депонија до 10км. (3,103 m3)
- Валирање и набивање на постелка. (9,596 m2)
- Изработка на насип од земјан материјал до потребна збиеност со набавка и транспорт од позајмиште. (626.0 m3)
- Изработка на подтло до потребна збиеност (1,952.0 m2)
- Изработка на косини (1,580 m2)

Одвод

- Тесен ископ на земјен материјал од 3-4 та категорија за бетонски и земјани канали, со утовар и транспорт до депонија(на изведувачот) до 10км (721м, 350 m)
- Изработка, транспорт и вградување на трапезни бетонски канали со МБ 30 М-100 со b=50cm и заливање на фугите со цементно млеко, со вклучен ископ и транспорт до депонија на каналот (473 m)
- Набавка, транспорт и монтажа на корубирани ПВЦ цевки DN 8 Ф315мм (121 m)

Горен строј

- Набавка,транспорт и уградување на тампонски слој од камен дробеник со д=30см за коловоз до потребна збиеност Ms= 100 Мр начин на вградување согласно технички услови приложени во проектот (3 199 m3)
- Набавка, транспорт и вградување на абечко битуменизиран слој БНХС16А согласно МКС или аналагоно АС16bin согласно EN 13108-1 дебелина од7см, физичко-механичките и реолошките карактеристики се дадени во прилог на овој проект во делот на технички услови. (6590 m3)
- Изработка на стабилизирана банкина со широчина од 0.75м со набивање и оформување (2434 m3)

СИТУАЦИОНО РЕШЕНИЕ

Хоризонталните елементи се во рамките на важечките нормативи и стандарди на проектирање при реконструкција на сообраќајници од овој ранг. Предметната делница претставува продолжение на истата веќе асфалтирана улица и завршува на км 1+701.00. Ширината изнесува 3.5м за 0.5м проширена од постоечката улица. Поставената оска е по осовината на постоечката улица Хоризонталното решение на улицата, презентирано е во ситуацијата со хоризонтално решение изработена во размер М= 1:1000 .


НАДОЛЖНО РЕШЕНИЕ

Надолжниот профил е воден од принцип на целосно вадење на постоечката коловозна конструкција. Нивелетата е водена по терен, во ископ и во насип со цел да се добијат оптимални количини за земјани работи. Надолжните наклони кои се постигнати ги пратат теренските наклони и се движат од 0.3% до 6.5%. Радиусите на вертикалните кривини се движат од 600м па до 3162м. Соодветно на тоа извршено е витоперење на коловозот околу оска со поречен наклон од 2.5%, соодветно на постоечката состојба.

ОДВОДНУВАЊЕ

Одводнувањето на делницата е решено со примена на бетонски и земјани канали. Бидејќи нивелетата е во променлив наклон, одводнувањето на улиците би се одвивало на некои места со земјани, а некаде и со бетонски канали, додека досегашното одводнување на улицата беше без примена на дополнителни елементи за одводнување на трасата.

Следниве материјали ќе бидат користени во рамките на реализацијата на проектот - бетон, асфалт, кршен камен материјал итн.



Слика 22. Типски профил за реконструкција на постоечки коловоз за улица 20 (св.Талалеј)

Тендерското досие се состои и од Извештајот за ОВЖС (според националното законодавство) и од Контролната листа на План за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) (според Светска Банка и Еколошките и социјални стандарди). Во случај да има разлика во презентираните еколошки и социјални мерки, ќе преовладуваат повисоките стандарди или построгите мерки.

Изведувачот врз основа на тендерското досие (вклучувајќи го Елаборат за заштита на животната средина и Контролната листа на ПУЖССА) ќе го подготвиК.Л. за ПУЖССА, вклучувајќи ги сите потребни под-планови (на пр. ПУГ, ПУС, ПБЗР, ПУО итн).

Контрола на безбедноста на патот

За да се осигура дека потенцијалните ризици за безбедноста на патиштата за учесниците во сообраќајот и за погодените заедници се спречени и ублажени, се спроведе Контрола на безбедноста на патиштата од независен квалификуван тим ревизори ангажиран од ЕИП (ревизија пред предавање на улиците во употреба). За спроведената Контрола на безбедноста на патиштата ќе биде изготвен формален Извештај во кој ќе се презентирани утврдените пропусти и недостатоци во безбедноста на патиштата како и препораките за нивно отстранување или намалување на нивното негативно влијание врз безбедноста на сообраќајот. Контрола на безбедноста на патиштата за овој инфраструктурен проект ќе се спроведе во фазата пред предавање на улиците во употреба. Предложените мерки за РБП ќе бидат претставени подолу во документот, во табелата Дел 2.2. Дадените препораки од извештајот ќе се одобрени од страна на општина Сопиште и вградени во Основниот сообраќаен проект.

4. Потенцијални влијанија врз животната средина и социјалните аспекти

Се очекува потенцијалните ризици и влијанија на реализацијата на ППЛП за проекти од помал обем, да бидат привремени и/или реверзибилни, со мала магнитуда и специфични за конкретната локација. Тие влијанија се поврзани со:

- Бучава и вибрации,
- Прашина и емисии на гасови,
- Создавање различни видови опасен и неопасен отпад,
- Потенцијално загадување на почвата и водните ресурси (инцидентни истекувања на моторни масла, средства за подмачкување, гориво, итн...),или загадување на водата и почвата поради испуштање на вода во каналот покрај улицата,
- Можен привремен прекин на тековниот сообраќај, посебно за луѓето кои го користат за пристап до домовите, влезовите, гаражите, верски објекти, маркети, постојка на ЈСП;
- Безбедност во сообраќајот
- Безбедност и здравје при работана луѓето кои се ангажирани за изведување на градежни работи,
- Локално негативно влијание врз почвата и водата,
- Кумулативно влијание од изведување на градежни работи од трети Изведувачи (оператори) кои не се дел од овој проект;
- Оштетување на пристапните патишта и
- Привремено користење на земјиште доколку е потребно.

За овој под-проект откуп на земјиштето не е предвидено бидејќи имотот на земјиштето каде што се наоѓаулицата е во државна сопственост. За потребите на Изведувачот за привремено поставување на машини и опрема на локација во непосредна близина на проектот што е во приватна сопственост (доколку има потреба), потребно е да се потпише Договор со сопственикот на парцелата за времено користење на земјиштето за време на периодот на спроведување на проектот.Изведувачот ќе даде предност на земјиште која има непропустлива површина за паркирање со површинско собирање на истекување и поврзување со третман/канализација, доколку постои. Договорот ќе ги дефинира роковите и обврските за користење на земјиштето или други простории (на пр. гаража, простор за складирање, итн.) во согласност со подготвениот РПР за проектот. Покрај тоа, целиот надоместок ќе биде платен пред пристапот до соодветното земјиште.

5. Цел на Контролна листа на ПУЖССА

Контролна листа на ПУЖССА ќе се користи за проектите за Реконструкција на локалните патишта - едноставни, помалку ризични под-проекти, кои обично се состојат само од промена на асфалтот или дренажа на излезниот пат. Контролна листа на ПУЖССА претставува „прагматична добра практика“ и е осмислен така што да биде лесен за употреба и компатибилен со барањата за заштита на СБ и рамката за еколошките и социјалните стандарди.

Овој документ ќе помогне во оценувањето на потенцијалните влијанија врз животната средина поврзани со предложениот под-проект, во утврдувањето на потенцијалните можности за подобрување на животната средина и во препорачувањето на мерки за превенција, сведување на минимум и ублажување на неповолните еколошки и социјални влијанија.

Контролниот список на ПУЖССА е документ кој е изготвен од страна на корисникот, кој е и одговорен за него. Процесот на проектирање и спроведување на работите предвидени во под-проектот ќе се одвива во три фази:

1) Фаза на општа идентификација и опсег, во која ќе се извршат потребните работи на Реконструкција на патиштата. Во оваа фаза може да се утврдат потенцијалните негативни/неповолни влијанија, врз основа на извршените работи. Деловите 1, 2 и 3 се изработени како нацрт-верзија. Вториот дел од Контролната листа на ПУЖССА ги содржи сите типични активности и нивната поврзаност со типичните еколошки проблеми и соодветните мерки на ублажување.
2) Оваа фаза ги содржи техничките спецификации на проектот и проценатa на трошоците за градежни работи и другите услуги поврзани со под-проектот. Во оваа фаза се дефинира тендерот, доделувањето на договорите за изведување на работите и обврските утврдени во договорот на Изведувачот. Во оваа тендерска фаза, Контролниот список на ПУЖССА треба да се објави.
3) Во текот на фазата на спроведување, Изведувачот ги спроведува мерките на ублажување и следење пропишани во Контролна листа на ПУЖССА, додека на соодветната локација се обезбедува сообразност со еколошките стандарди (Контролна листа на ПУЖССА и регулативата за животна средина, здравје и безбедност (БЗР)) и другите квалитативни критериуми, а нивната примена ја проверува/надгледува

Надзор, кој може да биде надзорен инженер или надзорен консултант, ангажиран од страна на Општината.

За време на фазата на изградба на проектот, мерките за ублажување и мониторинг напишани во Списоците за проверка на ПУЖССА се спроведуваат од страна на Изведувачот. Усогласеноста на еколошките и квалитативните критериуми ја испитува надзорникот, односно инженерот.

Усогласеноста со животната средина, на Изведувачот се докажува преку мониторинг и план за ублажување. Сепак, целокупната одговорност за усогласеноста останува на Заемопримачот / ЕИП.

Практичната примена на Контролната листа на ПУЖССА ќе се состои од реализација на Дел 1 во однос на обезбедувањето и документирањето на сите релевантни специфики на локацијата. Во вториот дел, активностите што треба да се преземат ќе се проверуваат според предвидениот вид на активност, а во третиот дел ќе се утврдат и ќе се применат параметрите за следење (Дел 3) во согласност со според активностите прикажани во Дел 2. Мониторингот вклучува и надзор врз спроведувањето на планот за ублажување.

Целосно пополнетиот Контролната листа на ПУЖССА , прикажан во табела за секој вид работа, ќе биде прикачен како составен дел од тендерската постапка и договорите за изведување на работите и документ кој е аналоген на сите технички и комерцијални услови коишто договорните страни треба да ги потпишат.

6. Примена на Контролната листа на ПУЖССА

По пополнувањето на Контролната листа за еколошки и социјален скрининг од страна на Експертот за животна средина и социјални аспекти, проектот се класифицира како „проект со умерен ризик“.

Контролната листа на ПУЖССА се користи за проекти кои опфаќаат **само реконструкција на постојните локални патишта/улици** (промена на асфалтниот слој и негова замена со нов, повторно поставување на тротоар, поправка на дупките, крпење и секакво друго средување на површината на патот).

Контролниот список е поделен на 4 сегменти:

- Вовед, во кој се изложува проектот, со дефиниција на еколошката категорија и објаснување на концептот на Контролна листа на ПУЖССА ;
- Дел 1 - Описен дел на проектот („пасош на локацијата“), во кој се дадени локацијата, законодавството, описот на проектот и процесот на јавна расправа;
- Дел 2 - Анализа на еколошкиот и социјалниот аспект на секоја активност преку прашања од затворен тип, проследено со мерки на ублажување за секоја активност;
- Дел 3 - План за следење на активностите во трите фази: подготовка, изградба и работење.

Контролна листа на ПУЖССА за работите на Реконструкција на улицата ги содржи влијанијата врз животната средина и социјални аспекти и соодветните мерки на ублажување, со цел влијанијата врз животната средина (загадување на воздухот и водите и бучава) да се сведат на минимум. Списокот, исто така, нуди и практики на управување со опасен и неопасен отпад и

мерки за контрола на испуштените супстанци на градежната локација. Во Контролната листа на ПУЖССА се дадени и чекори кои треба да се преземат во случај доколку на локацијата на Реконструкција на улицата постојат или се пронајдени предмети од културно или археолошко значење.

7. Механизам на поплаки

ЕИП во рамките на МТВ воведе механизам за поплаки со кој ќе се осигура одговор на сите грижи и поплаки, особено од засегнатите страни и заедниците. Со цел добивање коментари од засегнатите страни (локалните граѓани и работниците на проектните локации), ЕИП воспостави постапка на механизам за поплаки кој вклучува образец за поплаки за фазата на изградба на проектот што ќе биде достапен во електронска форма на веб-страната на МТВ, веб-страната на Општината и веб-страната на Изведувачите. Откако ќе се подготви нацрт-листата за проверка на ПУЖССА специфична локација, ќе биде објавена на официјалните веб-страници на Општината и Министерството за транспорт и врски во период од 14 дена. Во овој период засегнатите локални жители и другите засегнати страни би можеле да имаат шанса да го прочитаат документот и доколку имаат какви било прашања/коментари во врска со активностите за планирање, преку достапниот Формулар за поплаки би можеле да го испратат преку е-пошта до назначеното одговорно лице за животна средина и социјални аспекти од ЕИП. Одговорното лице на ЕИП мора да одговори на приемиот приговор во период од 15 дена.

Механизмот за решавање на поплаки ќе биде поставен на ниво на Општина откако ќе бидат ангажирани изведувачот и инженерот за надзор. Пред отпочнување на градежните работи на терен, ќе се организира почеток на состанок на кој детално ќе се разговара за целта и функцијата на ГРМ. Исто така, сите избрани општини ќе назначат одговорно лице-општински службеник и претставници од засегнатите локални заедници за ГРМ кои ќе бидат активни во текот на периодот на изградба и тие ќе бидат поврзани со локалните засегнати лица и другите засегнати страни вклучени во активностите на Проектот.

Образецот за поплаки кој може да се користи во фазата на изградба, е подготвен за локалното население (доколку се случи инцидент или оштетување на приватна сопственост) и за работниците (поплака за недостаток на заштитна опрема, зголемено работно време, работа без период за одмор итн.) кои ќе бидат вклучени во градежните активности.

Пред да се започне со градежни активности, Изведувачот треба да ги извести работниците за образецот за поплаки и можноста да ги искажат своите жалби и поплаки во врска со работењето на градилиштето. Локалното население ќе се запознае со оваа можност преку Информациите објавени на Информативната табла во рамките на месната заедница, веб-страницата на Општината и преку локално радио или локална ТВ станица.

ЕИП ќе обезбеди Механизмот за поплаки да може да одговори на сите грижи и поплаки, особено од засегнатите засегнати страни и ранливите групи.

Треба да се преземат следниве чекорина ЕИП/ Надзор и Изведувач за да се обезбеди целосно функционирање на Механизмот за поплаки:

Чекор 1:Евиденција за примени поплаки во регистарот на Механизмот за поплаки;

Чекор 2:Издавање потврда на лицето кое ја поднело жалбата за приемот на истата во рок од 5 дена;
Чекор 3:Истражување на поплаката;
Чекор 4:Решавање на жалбата во рок од 15 дена од приемот на истата;
Чекор 5:Да се следи.

Во случаи кога поплаката / жалбата е целосно пополнета или не е доволно јасна, ЕИП ќе помогне и ќе дава совети за формулирање / дополнување на поднесената жалба, за да може истата да стане јасна, за да може ЕИП да донесе одлука, која ќе биде во најдобар интерес на лицата засегнати од Проектот .

Доколку ЕИП не е во можност да најде краткорочно решение на проблемите, тогаш ќе се изнајдат долгорочни корективни мерки за решавање на истите. Подносителот на пријавата ќе биде информиран за предложените корективни активности и за нивното следење во рок од 25 календарски дена по признавањето на поплаката. Во ситуација кога ЕИП не може да го реши конкретниот проблем преку механизмот за поплаки или доколку нема потреба од никакво дејствување, тогаш ќе обезбеди детално објаснување / оправдување за тоа зошто не е решено прашањето. Одговорот, исто така, ќе содржи објаснување за тоа како лицето / организацијата што ја покренала жалбата може да покрене поплака во случај исходот да не биде задоволителен. Во секое време, жалителите можат да бараат други правни решенија во согласност со законската легислатива на Република Северна Македонија, вклучувајќи и формална судска жалба.

Поплаките може да се полнат усно, преку телефон, во писмена форма (по пошта или е-пошта) или со пополнување на формуларот за поплаки (Прилог). Образецот за поплаки ќе биде достапен на веб-страницата на агенциите за спроведување заедно со јасни информации за тоа како повратни информации, прашања, коментари, загриженост и поплаки можат да бидат доставени од која било заинтересирана страна и информации во врска со управувањето со Механизмот за поплаки од ЕИП и во однос на постапката и роковите. Понатаму, на веб-страницата е дадена можност и електронски да се поднесе поплака.

Контактлицезапримањеи одговарањенапоплаки	Контактинформации	
ЕИП **Сашка Богданова Ајцева**	Ел-пошта: saska.bogdanova.ajceva@piu.mtc.gov.mk	Тел. 070 858 039
Општина Сопиште **Виктор Груевски**	Ел-пошта: Viktor333@live.com	Тел. 076313 933

Со цел да се проследат поплаките добиени во рамките на проектот, се планира регистар на Механизмот за поплаки. Специјално номинираните членови на персоналот ќе водат записи за поплаки во регистарот на жалби. Ова ќе вклучува:

- Број на поплаки;
- Датум на приемот;
- Име на засегната страна, пол, возраст и контакт информации;
- Датум на признавање;
- Опис на поплака;

- Опис на преземените активности;
- Датум на решавање на поплаката.

ЕИП ќе го споделува Регистарот на поплаки со СБ на месечна основа и по потреба.

8. Следење и известување

За следење на должната анализа, надзорот на локацијата или одговорното лице назначено од страна на општината, вклучително и инженер за животна средина и градежен инженер, ќе го надгледуваат својот дел од проектните активности според наведеното во планот за следење (дел 3).

Во табеларните делови од документот, во детали се објаснети јасните мерки на ублажување и следење, со цел да се вклучат во договорите за изведба на работите.

Мерките на ублажување кои се однесуваат на проектните активности вклучуваат, но не се ограничени на: употреба на Средства за лична заштита (СЛЗ) од страна на работниците на локацијата, спречување на загадувањето на воздухот, количината на вода што се користи и се испушта од локацијата, пречистувањето на отпадни води, одржување на прописни санитарни објекти за работниците, собирање на отпадот од различен вид (почва, метали, пластика, опасен отпад, т.е. остатоци од боја, хидраулични моторни масла), количествата на отпад, правилното организирање патишта и објекти за одлагање или, секогаш кога е можно, повторна употреба или рециклирање на отпадот. Освен во однос на делот 3, Надзорот на локацијата треба да провери и дали Изведувачот е сообразен со мерките на ублажување од Делот 2 како и степенот на имплементација на мерките за ублажување.

Доколку има неусогласености при спроведување на Контролна листа на ПУЖССА и/или се евидентирани во извештајот за следење, се активираат казните кои се претходно предвидени во договорот. Во екстремни случаи, во договорот е предвидено негово раскинување.

Добра комуникација помеѓу сите инволвирани засегнати страни (Изведувач, Надзор, општински персонал, ЕИП од МТВ и други релевантни лица од Општината Сопиште) е многу значаен за обезбедување на континуирано извршување на проектните активности и успешно завршување на целокупниот проект.

